РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 11.09.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5600/1 | 0 | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139 и 144 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

ПРАТЕНИЦИ:

Предлагачи : Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН

за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија

Скопје, септември 2026 година

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија "бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 85/18 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 124/19, 239/19, 41/22 и 86/25), се уредуваат висината на минималната плата, начинот на нејзино усогласување, инспекцискиот надзор, како и прекршочните одредби и други прашања од значење за остварување на правата на работниците.

Со истиот закон е утврден и механизамот за усогласување на минималната плата, според кој усогласувањето се врши со 50% од порастот на просечно исплатената нето плата во Република Северна Македонија за претходната година и 50% од порастот на индексот на трошоците на животот за претходната година, согласно податоците на Државниот завод за статистика. Согласно овој механизам, од март 2026 година минималната плата изнесува 26.046 денари во нето износ.

Меѓутоа, и покрај законското усогласување, економските показатели и реалните трошоци за живот покажуваат дека постојниот износ на минималната плата не обезбедува доволна заштита на животниот стандард на работниците. Во јуни 2026 година просечната месечна исплатена нето плата изнесува 48.381 денар и е за 6,4% повисока во однос на јуни 2025 година. Но, и покрај забавувањето на инфлацијата во однос на претходниот период, трошоците за живот и понатаму се на повисоко ценовно ниво, при што кумулативниот ефект од порастот на цените директно ја намалува реалната куповна моќ на работниците, особено на оние кои примаат минимална плата.Стапката на вработеност во второто тримесечје од 2026 година изнесува 46,6%, а стапката на невработеност 11,3%, што укажува на значењето на политиките за раст на платите и подобрување на животниот стандард на вработените.

Особено значаен показател за реалната состојба на домаќинствата е вредноста на синдикалната минимална потрошувачка кошница. Во август 2026 година таа изнесува 68.675 денари за четиричлено семејство, а доколку се земе предвид и трошокот за изнајмен стан од 60 квадратни метри, потребниот месечен износ достигнува 84.050 денари. Само за храна и безалкохолни пијалаци во август биле потребни 25.032 денари, додека за домување, вода, електрична енергија и греење биле потребни 6.370 денари. Дополнителен товар претставуваат трошоците за образование од 7.192 денари, транспорт од 5.175 денари, облека и обувки од 6.511 денари и здравство од 1.196 денари.

Наведените податоци покажуваат дека разликата меѓу минималната плата и реалните трошоци за живот останува исклучително висока. Една минимална плата од 26.046 денари покрива само околу 37,9% од вредноста на минималната

синдикална кошница за четиричлено семејство, што значи дека за покривање на основните месечни потреби се потребни скоро три минимални плати. Доколку во трошоците се вклучи и закупнината за стан, една минимална плата покрива само околу 31% од потребните средства. Ова ја потврдува потребата минималната плата да се утврди на ниво кое ќе обезбеди реално подобрување на материјалната положба на работниците, а не само формално усогласување со претходно утврдената формула.

Во вакви услови, потребата од зголемување на минималната плата не произлегува само од порастот на цените туку и од растот на просечните плати и реалните трошоци за живот. Особено е значајно што просечната нето плата во јуни 2026 година достигнала 48.381 денар, додека минималната плата изнесува 26.046 денари, со што минималната плата претставува само околу 53,8% од просечната нето плата.

Оттука, со предложеното законско решение се предлага минималната плата да се зголеми на 36.960 денари во нето износ, со што би се обезбедило значително подобрување на куповната моќ на работниците, намалување на ризикот од сиромаштија кај вработените со најниски примања и приближување на минималниот доход до реалните економски и социјални потреби на работниците и нивните семејства.

Покрај зголемувањето на минималната плата, со предложеното законско решение се предвидува можност за обезбедување финансиска поддршка за работодавачите, преку субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување за зголемениот дел од платата. На овој начин се поддржува растот на доходите на работниците и се придонесува кон подобрување на нивниот животен стандард.

Имајќи ги предвид наведените економски и социјални состојби, како и реалните ефекти од инфлацијата и поскапувањата во 2026 година, се наметнува потребата од изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија, со цел воспоставување поефикасен и поправеден механизам за заштита на животниот стандард на работниците.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Законот се заснова на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

За работодавачите се предвидува можност за обезбедување финансиска поддршка/субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување за зголемениот дел од платата. Со ова решение се овозможува ублажување на финансискиот товар од зголемувањето на платите за работодавачите и се создаваат услови за навремена и непречена примена на новиот износ на минималната плата, без да се доведе во прашање законската обврска за исплата на минималната плата.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на овој закон ќе предизвика финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија од причини што предвидува покачување на минималната плата за сите вработени кои се на минималната плата, вклучително и вработените во јавниот сектор.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон се потребни дополнителни финансиски средства во износ од 10.350.000.000 денари од Буџетот на Република Северна Македонија.

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 85/18 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 124/19, 239/19, 41/22 и 86/25), во членот 4 пред ставот (1) се додава нов став (1) кој гласи:

„(1) Висината на минималната плата во нето износ е 36 960 денари.“

Ставот (1) станува став (2).

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (2)“.

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: „ставот (1)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (2)“,”.

Член 2

Во главата II-а ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА ИСПЛАТА НА МИНИМАЛНА ПЛАТА И КОНТРОЛА ВО ОСТВАРУВАЊЕТО И КОРИСТЕЊЕТО НА ФИНАНСИСКАТА ПОМОШ, членот 4-а менува и гласи:

„1) На работодавачот кој ги исполнува условите од членот 4-б од овој закон, ќе му се обезбеди финансиска помош за исплата на разликата од придонесите на нето зголемената минимална плата (во натамошниот текст: финансиската помош) од Буџетот на Република Северна Македонија, за периодот октомври 2026 година-март 2027 година, во износ од 10.914,00 денари.

(2) Финансиската помош од ставот (1) на овој член, се обезбедува на работодавачите за работниците на кои основната плата ќе се исплати до нивото на нето плата во износ од 36.960,00 ден.

Членот 4-е се брише.“.

Член 3

По членот  10 се додава нов член 10-а кој гласи:

„Член 10-а

Со денот на влегувањето во сила на овој закон платите на вработените ќе се усогласат со висината на минималната плата утврдена во членот 1 од овој закон со кој во членот 4 се додава нов став (1).”.

Член 4

Висината на минималната плата во нето износ за исплата на плата за месец октомври 2026 година, заклучно со исплатата на платата за месец февруари 2027 година, ќе биде во износ утврден во членот 1 став (1) од овој закон, со кој се менува членот 4 и пред ставот (1) се додава нов став (1).

Член 5

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон, ќе се донесе во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија содржи 7 члена.

Со членот 1 се додава нов став со кој се утврдува висината на минималната плата во Република Северна Македонија, односно се утврдува дека висината на минималната плата ќе изнесува  36 960 денари во нето износ.

Со член 2 се уредуваат условите, висината, периодот, начинот на остварување и исплата на финансиската помош за работодавачите за исплата на зголемената минимална плата, како и контролата над нејзиното користење.

Со членот 3 се утврдува усогласување на платите со висината на минималната плата од членот 1 на овој закон.

Со член 4 се уредува примената на утврдената минимална плата од 36.960 денари за исплатата на платата за месец октомври 2026 година до исплатата на платата за месец февруари 2027 година.

Со член 5 се определува рокот за донесување на подзаконскиот акт предвиден со овој закон.

Со член 6 се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

Со членот 7 се уредува влегувањето во сила на законот.

## II. МЃУСЕБНАТА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во овој предлог на закон, се меѓусебно поврзани со одделни одредби кои се однесуваат на исплатата на минимална плата и имаат за цел подобрување на животниот стандард на работниците.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија ќе се предвиди зголемување на минималната плата во Република Северна Македонија на 36.960 денари во нето износ, која ќе се применува за исплатата на платата за месец октомври 2026 година до исплатата на платата за месец февруари 2027 година. Со предложеното законско решение ќе се обезбеди и финансиска помош за работодавачите за покривање на разликата во придонесите поврзана со зголемувањето на минималната плата, за работниците на кои платата ќе им биде исплатена до утврденото ниво. Истовремено, се уредуваат условите и начинот на остварување на финансиската помош, постапката за нејзина исплата, како и контролата над остварувањето и користењето на средствата. Воедно се обезбедува обврска за усогласување на платите на вработените со утврдената висина на минималната плата, како и обврска за задржување на работниците за кои е користена финансиска помош во определен период. Предлог законот за изменување и дополнување ќе придонесе кон подобрување на материјалната положба на вработените кои примаат минимална плата и кон обезбедување поддршка за работодавачите во периодот на постепено прилагодување кон зголеменото ниво на минималната плата.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ СЕ МЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 4

(1) Исплатената висина на минимална плата во бруто износ за месец март секоја година се усогласува со:

- 50% од порастот на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика и
- 50% од порастот на индексот на трошоците на живот, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(2) Висината на минималната плата, утврдена согласно со ставот (1) на овој член, не може да биде пониска од 57% од висината на просечно исплатената нето-плата во Република Северна Македонија за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(3) Просечниот износ на исплатената месечна нето-плата за работник кој работи помалку од полното работно време се пресметува сразмерно со бројот на одработените часови во месецот.

(4) Во просечниот износ на исплатената месечна нето-плата за работник, не се пресметува додатокот на плата за прекувремена работа.

(5) Министерот за економија и труд, по претходно мислење од Економско-социјалниот совет, ја објавува висината на минималната плата во бруто износ усогласена согласно ставот (1) на овој член, во „Службен весник на Република Северна Македонија", во месец март секоја година, која ќе започне да се исплатува со исплатата на платата за месец март во тековната година.

II-а. ФИНАНСИСКА ПОМОШ ЗА ИСПЛАТА НА МИНИМАЛНА ПЛАТА И КОНТРОЛА ВО ОСТВАРУВАЊЕТО И КОРИСТЕЊЕТО НА ФИНАНСИСКАТА ПОМОШ

Член 4-а

(1) На работодавачот кој ги исполнува условите од членот 4-б од овој закон, ќе му се обезбеди финансиска помош за исплата на разликата од придонесите на нето зголемената минимална плата (во натамошниот текст: финансиската помош) од Буџетот на Република Северна Македонија, за периодот март 2022 година-декември 2022 година, во износ од 1.197,00 денари.

(2) Финансиската помош од ставот (1) на овој член, се обезбедува на работодавачите за работниците на кои основната плата ќе се исплати до нивото на бруто плата во износ од 26.422,00 ден.

Член 4-е

Финансиска помош согласно со одредбите од овој закон не може да оствари:

- обврзник кој користи субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување за работници, согласно со Законот за субвенционирање на придонесите од задолжително социјално осигурување поради зголемување на плата („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 239/19) и
- обврзник кој користи мерка за субвенција на плата преку Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за работници, за периодот додека ја користи мерката.